**ДО**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# КРИВИЧНА ПРИЈАВА

Од Даниел Димевски од Скопје, ул. Кнез хацон бр. 2, ЕМБГ 3004969450166

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë se Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
MINISTRIA E PUNËVE TË BRENDSHME
Скопје - Shkup
Примено / Pranuar 26 -0[illegible]- 2024
Орг. единица / Nj. organizative | Број / Numër 66138 | Прилог / Shtojca 13 [illegible] | Вредност / Vlera
233

**ПРОТИВ:**

Лидија Раичевиќ Јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје

Зоран Божиновски Буревесник со непозната адреса за пријавителот

Александар Маленко со пријавена адреса во Марибор-Република Словенија ул. Моша Пијаде бр. 14

Игор Александровиќ со непозната адреса за пријавителот автор и водител на емисијата ПОЛН ПОГОДОК

**ЗАТОА ШТО**

Истрагата за предметот со ваучерите започна заради гласините во јавноста дека за наплатата на ваучерите некои лица барале незаконита награда – проценти, а истрагата се насочи и заврши со обвинение кон членовите на Централната комисија за евалуација за несовесно вршење на службата заради наводно пропуштен надзор при доделување на истите. Тогаш се поставува прашањето- Дали со ваквото обвинение пријавената обвинителка се обидува да го сокрие криминалното поведение за кое излегоа гласините во јавноста т.е. дека за наплата на ваучерите се барала награда во проценти од корисниците на истите. Всушност и притисокот на јавноста беше да се истражат токму овие незаконитости за кои излегоа гласините. Сите информации и шпекулации водат до еден моќен бизнисмен кој заинтересиран да се забошоти истрагата во соработка со обвинителот ја пренасочува истрагата во сосема друга насока. Од дејствијата на пријавената обвинителка во самата истрага, од прашањата поставувани кон сведоците и пријавените, како и од другите докази кои се обезбедени за време на истрагата тешко може да се заклучи дека пријавената обвинителка Раичевиќ ги истражувала овие незаконитости за кои се проширија гласини во јавноста. Напротив, со ниту едно дејствие не е направен ниту обид да се истражат овие гласини. Целото свое внимание во оваа истрага пријавената обвинителка го насочи кон Даниел Димевски и Олимпискиот комитет на Северна Македонија.

Кои се мотивите за ваквото поведение на обвинителката за пријавителот се непознати, но сметаме дека Јавното обвинителство може лесно да ги пронајде и утврди.

Она што уште повеќе зачудува е и фактот да пријавената обвинителка во постапката по обвинителниот предлог КО бр. 765/23 за кој се води кривична постапка пред Основниот кривичен суд Скопје под К. Бр. 884/24 повела обвинение исклучиво против членовите на Централната комисија за евалуација на барањата за т.н спортски ваучери и против директорите на Агенцијата за млади и спорт, но не и против членовите на комисиите на Националните федерации (кои го вршат бодувањето на клубовите и спортистите и кои имаат пристап до информациите и доказите за употребените критериуми), а ниту против членовите на советот за спорт при Агенцијата за спорт и млади кој совет е орган кој одлучува за распределбата на ваучерите??????

Но, иако предмет на истрагата во предметот КО бр. 765/23 беше распределбата на т.н. спортски ваучери, пријавената обвинителка целокупниот интерес го насочи кон Олимпискиот комитет на Северна Македонија и претседателот на ова здружение. Ова е очигледно и од исказите на сослушаните сведоци во овој предмет на кои постојано од страна на обвинителката им беа поставувани прашања во врска со Олимпискиот комитет на Северна Македонија иако ова здружение на никој начин не учествува во постапката за распределба на ваучерите туку е обичен апликант за ваучер како и околу 2000 други субјекти во спортот. Но, очигледно е дека пријавената обвинителка покажува посебен интерес за Олимпискиот комитет од само за неа познати причини и мотиви и самоиницијативно, без претходна координација, консултација и одобрение од претпоставените во Јавното Обвинителство, влегле во ваква авантура, спортивна на Законот и Кодексот на Јавното Обвинителство.

Она што уште повеќе коинцидира е што истиот јавен обвинител-пријавената Лидија Раичевиќ го води и предметот на Основното јавно обвинителство Скопје по анонимна пријава а заведен под РО 647/23 за закупот на дел од СРЦ Кале, пријавената обвинителка во текот на Март 2024 г. почна да дава наредби до МВР за да се испитува изборот на Даниел Димевски за претседател на Олимпискиот комитет на Северна Македонија, односно истата, без никаков повод во повеќе наврати нареди на овластени службени лица да обезбедат документација во врска со изборот на Даниел Димевски за претседател на Олимпискиот комитет на Северна Македонија на изборното собрание одржано на 08.02.2024 година каде пријавителот беше избран со 45 гласови ЗА и само 8 ПРОТИВ и кое изборно собрание се пренесуваше на ТВ каналот на Олимпискиот комитет на Северна Македонија. Пријавената обвинителка, притоа воопшто не се обрати до Олимпискиот комитет на Северна Македонија за да јадостави бараната документација, туку истата даваше наредби до МВР. Она што посебно е интересно е дека уште пред да дојдат овластените службени лица од МВР во просториите на Олимпискиот комитет на Северна Македонија, масовно по порталите беше најавувана оваа “”акција” на ОЈО Скопје и МВР, а истото беше коментирано и од лицата Зоран Божиновски и Игор Александровиќ.

Дека целокупната ситуација поврзана со изборот на Даниел Димевски за претседател на МОК е од посебен интерес за пријавената обвинителка зборува и фактот да паралелно со овие дејствија на обвинителката од страна на Голф федерацијата на Македонија и Пливачката федерација на

Македонија каде како законски застапник се јавува токму лицето Александар Маленко беше поднесена тужба до Основниот граѓански суд Скопје за поништување на одлуките на изборното собрание на МОК за избор на пријавителот Даниел Димевски за претседател за што се води постапка пред овој суд под П1-112724.

Просто е неверојатно како под маската на предмет кој се води по анонимна пријава за некаков закуп на делови од СРЦ Кале, а кој предмет е започнат во 2023 г. и се води под РО 647/23 се испитува законитост на редовно изборно собрание на МОК која организација е здружение на граѓани и паралелно со тоа се започнува граѓанска постапка за одлуките на ова собрание.

И она што уште повеќе зачудува е дека токму лицето Александар Маленко како законски застапник на тужителот Пливачка федерација на Македонија, итовремено е и предложен како сведок во предметот по обвинителниот предлог КО бр. 765/23 за кој се води кривична постапка пред Основниот кривичен суд Скопје под К. Бр. 884/24 и истиот во повеќе наврати е сослушуван во текот на истражната постапка од страна на пријавената јавна обвинителка, а истовремено ова лице јавно ги искажува неговите амбиции да биде претседател на МОК (Олимпискиот комитет на Северна Македонија) за што се обиде да организира и вонредно собрание.

Истовремено ова лице-Александар Маленко во погорепосоченото интервју во емисијата ПОЛН ПОГОДОК објавена на интенет каналот YOU TUBE,сигурен во себе, најавува кривични постапки против пријавителот Даниел Димевски.

Од страна на јавниот обвинител Лидија Раичевиќ на ден 06.11.2023 г. Даниел Димевски беше повикан по телефонски пат да се јави во Основното јавно обвинителство Скопје на ден 07.11.2023 г. заради информативен разговор во редметот се води под РО бр. 647/23 при што од страна на обвинителот Раичевиќ беше кажано дека г-дин Димевски ќе биде сослушан во својство на сведок во постапка во која овој обвинител постапува по повод некоја анонимна пријава.

На сослушувањето беа присутни обвинителот Раичевиќ, нејзиниот записничар, кандидат од Академијата за судии и обвинители – г-ѓа Ѕвезда Тодоровска, сведокот Даниел Димевски и адвокат Владимир Андреевски.

Без оглед на начинот на кој беше водено сослушувањето (под маската на обвинителска техника) подоцна се случија интересните коинциденции (временски и суштински) помеѓу повикувањето на Даниел Димевски во ОЈО Скопје од обвинителот Лидија Раичевиќ и одредени објави на фејсбук страната на лицето Зоран Божиновски (Буревесник) кое лице се декларира како новинар, но немаме сознанија за вистинитоста на неговиот деклариран статус.

Она што е интересно е дека следниот ден, на 08.11.2023 г. во вечерните часови, лицето Зоран Божиновски на фејсбук страната СО ЛЕСНО Буревесник објави текст со детални информации од текот на сослушувањето кои единствено можел да ги добие лично и ексклузивно од обвинителката Лидија Раичевиќ.

Ова лице секако во цела серија на објави на неговите фејсбук профили постојано го клевети пријавителот за наводен криминал за кои се воделе истраги и истиот пласира информации кои секако не би можеле да му бидат достапни на легален начин имајќи ја во вид нејавноста на постапките во предистражна фаза, со намера да изнуди повластици со крајна цел финансиски бенефит за него и други со него поврзани лица.

Покрај горниот настан, од страна на лицето Александар Маленко во негово интервју дадено за емисијата ПОЛН ПОГОДОК на 17.05.2024 г. која емисија ја води новинарот Игор Александровиќ во повеќе наврати го набедуваше пријавителот за наводни криминали, за незаконит избор за Претседател на Олимпискиот комитет на Северна Македонија, а истотака пласираше и информации дека следат се подготвуваат кривични постапки против пријавителот.

Новинарот Игор Александровиќ пак во повеќе наврати континуирано пласира дезинформации и лаги поврзани со изборот на претседател на МОК на начин што наведува дека изборот за претседател е поништен со судска одлука. Демантите на пријавителот никогаш не ги објави.

Без оглед на личностите на овие лица и на навидум баналноста на ваквите наводи, она што во целата ситуација коинцидира е постапувањето на пријавената-Јавниот обвинител Лидија Раичевиќ во сите предмети кои се водат по "анонимни" пријави постапува и по некоја случајност сите предмети паѓаат баш кај овој јавен обвинител.

Сите погореопишани дејствија и коинциденции се направени со единствена цел, некое лице со амбиции да се привилегира и да има корист, а на законито и прописно избраниот претседател на МОК-пријавителот Даниел Димевски да му се нанесе штета.

Сето ова што е погореопишано е полно со многу коинциденции кои коинциденции се секогаш поврзани со нечии амбиции за претседателското место во МОК, како и со латентен атак врз актуелниот претседател на МОК-пријавителот Даниел Димевски и од страна на овие лица со амбиции и од страна на посочените лица кои се декларираат како новинари и од страна на пријавената јавна обвинителка-г-ѓа Лидија Раичевиќ бараме Основното јавно обвинителство Скопје да поведе соодветна постапка во која темелно ќе ги истражи погоренаведените коинциденции, ќе ги истражи и мотивите за ваквите поведенија од сите погорепосочени лица, нивната меѓусебна поврзаност, релации, интереси и односи, па доколку утврди дека од страна на пријавената јавна обвинителка или некое од погорепосочените лица е сторено кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластувања од член 353 од Кривичниот законик или некое друго кривично дело да поведе соодветна постапка против сторителот.

Со почит,

**Пријавител-Даниел Димевски**